Bojan Marichikj

Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.04.07 14:25:48 +02'00'

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-997/1
Скопје, 05. 04. 2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **Министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за јавна набавка на стоки – набавка на средства за заштита од корона вирус за потребите на вработените во Министерство за правда и подрачните одделенија**

1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на стоки - набавка на средства за заштита од корона вирус за потребите на вработените во Министерство за правда и подрачните одделенија.

1.1.Предмет (вид) на набавка: набавка на средства за заштита од корона вирус за потребите на вработените во Министерство за правда и подрачните одделенија.

1.2. Предметот на набавка е делив на делови и тоа:

Дел 1 – Заштитни маски со проценета вредност од 150.000,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 27.000,00 денари односно 177.000,00 денари со вклучен ДДВ и

Дел 2 – Средства за дезинфекција на раце со проценета вредност од 50.000,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 9.000,00 денари односно 59.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 200.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 36.00,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 236.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 423, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification 1828

Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас, со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која нема да заврши со спроведување на електронска аукција.

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на фактурата.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:
   - Претседател на комисија: Ацо Живковски
   - Членови: - Марија Бриндевска
     - Насер Ќамили

   - Заменик претседател на комисија: Михајло Војтикив
   - Членови: - Орхан Сулимани
     - Марко Кржаловски

8. Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки. Предмет на набавка е набавка на средства за заштита од корона вирус за потребите на вработените во Министерство за правда и подрачните одделенија.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 200.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 36.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 236.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10 -Администрација, Ставка 423, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Министер за правда
м-р Бојан Маричиќ

Подготвил: Марина Миновска, советник

Контролирал: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification